**ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТАНЦОВИ СПОРТСКИ НАСТАНИ

Во согласност со Законот за спорт и член 34 од Статутот на ТСФМ, Управниот одбор на ТСФМ на ден 14.10.2020 година го усвои овој Правилник

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Танцов спортски настан е специфична, планирана, организирана и временски ограничена активност од јавен интерес во кој учествуваат танчери спортисти. Танцовите спортски настани се организираат во следниве форми:

- Танцов спортски натпревар
- Танцова спортска манифестација (фестивал, смотра, средба, игра, настап, концерт, итн.)

**Танцов спортски натпревар** е танцов спортски настан што се одвива според претходно утврдени и познати танцови спортски правила пропишани од ТСФМ. Целта е секој учесник да се стреми да победи, односно да постигне однапред утврден спортски резултат.
**Танцова спортска манифестација** е танцов спортски настан од ревијален карактер без одредување на спортски резултат, организиран со цел да се популаризира развојот на спортскиот танц и да поттикне дополнителна мотивација кај танчерите спортисти и рекреативци.
Танцови спортски настани може да организираат ТСФМ, ТСК и други лица под услови утврдени со Законот за спорт и правилата пропишани од ТСФМ.

Член 2

Овој Правилник ги уредува правата и обврските на организаторите на танцовите спортски настани, начинот на организирање на танцови спортски настани и меѓусебните односи меѓу организаторите на танцовите спортски настани и ТСФМ.
Со сите активности поврзани со оваа област управува Управниот Одбор на ТСФМ и Кординаторот за натпреварување во согласност со Статутот и правилниците на ТСФМ.

### Календар за натпревари

Член 3

Танцовите спортски настани со сите свои параметри (вид на настан, назив, датум, организатор и др.) се дефинирани во годишен календар на танцови спортски настани.
Во календарот на танцови спортски настани влегуваат:
- танцови спортски натпревари,
- танцови спортски манифестации,
- стручни семинари,
- генерално собрание на ТСФМ
- други настани кои се во интерес и насока на остварување на целите и програмите на ТСФМ.

Член 4

Координаторот за натпреварување е одговорен за составување на календарот на танцови спортски настани во кој се наведени следните информации:

- Европски и светски шампионати и купови од календарот за натпревари на WDSF
- државни и верски празници на РСМ
- WDSF натпревари од календарите за натпревари на државите во регионот
- други важни датуми од интерес на танцовиот спорт и ТСФМ
- слободни термини за организација на танцови спортски настани.

Овој предлог календар на танцови спортски настани за наредната календарска година Координаторот за натпреварување го доставува до Управниот Одбор на ТСФМ најдоцна до 31.10. во тековната година кој по усвојувањето го објавува јавно на веб страната на ТСФМ.
Потенцијалните организатори на танцови спортски настани, во рок од 10 дена, до координаторот за натпреварување доставуваат предлог за организација на танцов спортски настан во согласност со слободните термини за организација на танцови спортски настани.
Координаторот за натпреварување во рок од 10 дена составува предлог календар за танцови спортски настани со сите параметри и го доставува до Управниот одбор на ТСФМ.
Конечна одлука за усвојување на календарот на танцови спортски настани за наредната календарска година носи Управниот одбор на ТСФМ најдоцна до 30.11. во тековната година.
Усвоениот календар се објавува јавно на веб страната на ТСФМ.
За сите измени и дополнувања на календарот на танцови спортски настани во текот на календарската година одлучува Управниот одбор на ТСФМ.

Член 5

Пријавата за организација на танцов спортски настан се доставува на посебен образец кој го пропишува Управниот Одбор на ТСФМ и е составен дел на овој Правилник.

**Договор за организација на танцов спортски настан**

Член 6

После усвојувањето на календрот за танцови спортски настани, ТСФМ и организаторот на конкретен танцов спортски настан, може да потпишат Договор за меѓусебни обврски и права, кои ги содржат сите спортски организациони елементи во согласност со Законот за спорт. Тие исто така можат да ги регулираат ТВ правата, правата на рекламирање и слично.

**Котизација**

Член 7

Секој организатор на танцов спортски настан е должен да плати котизација на ТСФМ. Управниот Одбор на ТСФМ донесува одлука за висина на котизацијата за танцовите спортски настани која е дел од финансиските регулативи на ТСФМ.
Организаторот е должен да ја плати котизацијата за одржан танцов спортски настан во рок од 7 дена од денот на неговото одржување. Во случај на задоцнето плаќање, организаторот подлежи на плаќање на пенали кои исто така се дел од финансиските регулативи на ТСФМ.

## II ТАНЦОВИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

Член 8

Секој Танцов Спортски Клуб има обврска да организира Бодовен натпревар еднаш во годината.
Танцовите Спортски Клубови можат и дополнително да се кандидираат за организатори на танцови спортски натпревари во слободните термини.
**Национален куп** во спортски танци може да организира танцов спортски клуб кој има минимум 2 години одлично оценети и квалитетно организирани бодовни натпревари во спортски танци.
**Национален шампионат** во спортски танци може да организира танцов спортски клуб кој има минимум 4 години одлично оценети и квалитетно организирани бодовни натпревари или 1 година национален шампионат во спортски танци.
**Меѓународен натпревар** во спортски танци согласно правилата на WDSF може да организира танцов спортски клуб кој има минимум 3 години одлично оценети и квалитетно организирани национални шампионати во спортски танци.
**WDSF World ranking tournament** или **WDSF Европски/светски шампионат или куп** може да организира танцов спортски клуб кој има минимум 3 години одлично оценети и квалитетно организирани меѓународни натпревари во спортски танци согласно правилата на WDSF.
Танцовиот спортски клуб кандидат за организација на танцов спортски натпревар мора да обезбеди квалитетни услови на објектот, квалитетни технички услови, медиумско покривање на настанот, награден фонд и признанија итн.

Организаторот на Национален Шампионат како и Меѓународен натпревар во спортски танци согласно правилата на WDSF се ослободува од организирање бодовен натпревар во тековната година.

Член 9

Одложување на танцов спортски натпревар кој е влезен во календарот на танцови спортски настани, организаторот мора да пријави најдоцна еден месец пред датумот на одржување на натпреварот и за тоа да го извести Координаторот за Натпреварување.
Во случај на оправдано одложување на танцовиот спортски натпревар, Координаторот за Натпреварување во консултација со организаторот му предлага на Управниот Одбор нов термин.
Танцов Спортски Клуб кој ќе прифати организација на откажан танцов спортски натпревар или се пријави за организација на еден или повеќе дополнителни танцови спортски натпревари во слободните термини, се ослободува од плаќање на котизација за истите.
Доколку танцовиот спортски клуб не се пријави за организација на бодовен натпревар во тековната година финансиски се казнува со едногодишна членарина на ТСК според важечките финансиски регулативи на ТСФМ.
Доколку танцовиот спортски клуб не организира бодовен натпревар кој е влезен во календарот за танцови спортски настани за тековната година финансиски се казнува со една ипол годишна членарина на ТСК според важечките финансиски регулативи на ТСФМ.
Доколку танцовиот спортски клуб не организира национален шампионат кој е влезен во календарот за танцови спортски настани за тековната година се казнува со две годишни членарини на ТСК според важечките финансиски регулативи на ТСФМ.
Доколку танцовиот спортски клуб не организира национални шампионати кои се влезени во календарот за танцови спортски настани за тековната година во еден ист термин (датум) се казнува со две годишни членарини на ТСК според важечките финансиски регулативи на ТСФМ.
Доколку ТСК не ја исполни обврската за организација на танцов спортски натпревар во текот на две календарски години добива статус на привремен член во ТСФМ.

Новорегистриран танцов клуб (привремен член) не е обврзан да организира бодовен натпревар. Доколку сепак одлучи да организира бодовен натпревар тогаш ги има истите права и обврски како и ТСК, полноправен член на ТСФМ.

**Допис за танцов спортски натпревар**

Член 10

Организаторот е должен да испрати допис за танцов спортски натпревар до Генералниот Секретар, танцовите спортски клубови, Координаторот за Натпреварување и Судискиот Координатор и тоа:

- Најмалку 15 дена пред Бодовните натпревари
- Најмалку еден месец пред Националните шампионати и купови

Член 11

Поканата (дописот) за танцов спортски натпревар ги содржи следните задолжителни информации:

- Целосно име на танцовиот спортски натпревар
- Организатор на танцовиот спортски натпревар
- Датум, место и време на одржување
- Вид на танцовиот спортски натпревар
- Натпреварувачки дисциплини
- Време на подигнување на стартни броеви
- Износ на стартнина
- Димензии и квалитет на танцов подиум
- Рок и адреса (линк) за пријавување и одјавување
- Вид на награди (дипломи, пехари, медалји и друго)
- Цена на влезен билет
- Лица за контакт

**Пријава и одјава на Танчери спортисти**

Член 12

Танчерите спортисти за сите танцови спортски натпревари се пријавуваат преку Танцовиот Спортски Клуб.
Танчерите спортисти кои се пријавени за натпреварување, а не може да се натпреваруваат, должни се преку својот танцов спортски клуб да се одјават во предвидениот рок за одјавување.
Танчерите спортисти кои нема да се одјават во предвидениот рок ТСК е должен да ја плати стартнината за своите натпреварувачи.
Танцов спортски клуб кој дополнително ќе пријави танчери спортисти на денот на натпреварот, организаторт не е обврзан да ги прифати, а доколку ги прифати за истите се плаќа двојна стартнина.
Претставникот на ТСК не може да ги подигне стартните броеви сè додека не ги исполни сите обврски.

**Општи правила за организација на танцов спортски натпревар**

Член 13

Организаторот на танцовиот спортски натпревар мора:

- Да обезбеди непречено и безбедно одржување на танцовиот спортски натпревар

- Да превземе мерки за да се спречи ризикот од штети за танчерите спортисти, публиката и други учесници на натпреварот, како и мерки со кои се влијае врз зголемените ризици (безбедност на спортскиот објект, исправноста и соодветноста на инсталиранаата и друга опрема, одвивање на танцовиот спортски натпревар во согласност со правилата итн)
- Да ги превземе потребните безбедносни мерки за да спречи насилство и недолично однесување на танцовиот спортски натпревар во согласност со Законот за спорт
- Правилно и навремено да ги информира учесниците за распоредот и стартната листа на денот на одржување на танцовиот спортски натпревар
- Пријава за одржување на танцовиот спортски натпревар во согласност со правилата и прописите со кои се уредува јавно собирање на граѓани и други мерки пропишани со законот за спорт
- Да обезбеди записничка маса изолирана од танчерите спортисти, публиката, судиите и неовластените лица. На записничката маса смее да пристапи само главниот танцов спортски судија.
- Да обезбеди лице за прием и враќање на натпреварувачки книшки кои ги пополнува Координаторот за натпреварување.
- Да обезбеди служба за обезбедување на објектот и дежурна лекарска служба
- Да обезбеди основни хигиенски и амбиентални услови (чисти санитарни јазли, чисти и проветрени соблекувални, квалитетна климатизација и вентилација на објектот).
- Организаторот треба комплетно да биде подготвен за танцовиот спортски натпревар два часа пред неговиот почеток.
- Да организира пречек, згрижување на танчерите спортисти и танцовите спортски судии преку јасни информации и насоки
- Да организира поделба на стартните броеви најдоцна еден час пред почетокот на танцовиот спортски натпревар (стартните броеви се предаваат само на овластено лице на ТСК за сите негови танчери спортисти)
- Пред почетокот на танцовиот спортски натпревар да обезбеди загревање на танчерите спортисти на денсинг – просторот во траење од 30 минути
- Да обезбеди акредитација за сите танцови спортски судии и членови на органите на ТСФМ
- Да обезбеди строго почитување на распоредот за натпреварување од страна на сите учесници на танцовиот спортски натпревар
- Да го заврши и комплетира конечниот распоред за натпреварување најдоцна 15 минути пред почетокот на танцовиот спортски натпревар
- Да обезбеди посебни простории за одмор, подготовка и пресоблекување на танцовите спортски судии (просторија изолирана од танчерите спортисти и публиката)
- Да обезбеди квалитетни аудио и визуелни услови за одржување на танцовиот спортски натпревар
- Да обезбеди танцов подиум со следните минимални димензии:

| **Состав** | **Минимална димензија на подиумот** |
|---|---|
| **Стандардни , Латиноамерикански и Модерни латино спортски танци** | |
| Танцова двојка, соло, дуо | 15 м. x 20 м. |
| Тимови | 16 м. x 16 м. |
| **Модерни спортски танци** | |
| Соло, дуо, трио, мал тим | 10 м. x 12 м. |
| Голем и мега тим | 12 м. x 18 м. |
| Battle натпреварувања | 4 м. x 4 м. |
| **Акробатски Рокенрол и Boogie Woogie** | |
| Двојки, тимови | 18 м. x 18 м. |

- Да обезбеди водител за програмата на танцовиот спортски натпревар
- Да обезбеди лице за пуштање музика во согласност со правилата на Натпреварувачкиот правилник на ТСФМ
- Да ги најави ТСК учесници на танцовиот спортски натпревар - назив и град (за домашни натпревари) или држави учесници (за меѓународни натпревари)
- Да ги најави танцовите спортски судии - име и презиме и град (за домашни натпревари), име и презиме и држава (за меѓународни натпревари)
- Да ги најавува танчерите спортисти според стартните броеви и групи кои се однапред одредени на стартната листа
- Да ги најавува танчерите спортисти, финалисти по категорија и/или возрасна група – стартен број, име и презиме, ТСК и град ( за домашни натпревари), односно стартен број, име и презиме и држава (за меѓународни натпревари)
- Јавно да ги прогласи освоените места на сите финалисти и да им додели награди и признанија со најава на име и презиме на танчерот спортист, ТСК и град (за домашни натпревари), односно име и презиме и држава (за меѓународни натпревари)
- Да го обезбеди и истакне на видно место знамето на Федерацијата, а за националните шампионати и знамето на државата

**Протокол за отворање и затворање на танцов спортски натпревар**

Член 14

Организаторот на танцовиот спортски натпревар е должен детално да го утврди протоколот за отворање и затворање на истиот.
Церемонијата на отворање вклучува дефиле на сите учесници и поздравен говор од едно или повеќе овластени лица.
Свеченото затворање подразбира објавување на победниците со доделување на наградите во согласност со овој Правилник.
Танцовиот спортски натпревар може да го отворат или затворат следниве лица: Претседател на ТСФМ или овластено лице од него, претставник на Агенцијата за млади и спорт на РМ, претставник на градот каде се одржува танцовиот спортски натпревар, генералниот спонзор на танцовиот спортски натпревар или претставник на организаторот во согласност со рангот на натпреварот и во договор со органите на ТСФМ.
Дипломите и наградите ги доделува организаторот на натпреварот или службени лица наведени во ставот 4 на овој член и врз основа на одобрениот протокол.
По отворањето на Националните шампионати или купови задолжителна е интонација на националната химна.
Организаторите на Бодовните натпревари немаат обврска да го организираат церемонијалниот последен дел од натпреварот бидејќи се одвива од најниските до највисоките категории што се претставени на натпреварот.

**Доделување на награди**

Член 15

Наградите на натпреварите се прикажани на следната табела:

| Награди | Опис |
|---|---|
| **Дипломи** | Се доделуваат на сите финалисти на сите танцови спортски натпревари.<br>Дипломата мора да биде на квалитетна хартија, со следниве детали:<br>- позадина: стилизирани мотиви од танцовиот спорт<br>- горниот дел: името на Федерацијата, а подолу името на ТСК кој го организира натпреварот |

| | |
|---|---|
| | - среден дел: назив на танцова двојка/танчер спортист, возрасна група, категорија, состав и дисциплина<br>- долен лев агол: потпис на Претседателот на ТСК или ТСФМ<br>- датум и место на натпреварот |
| **Медалји** | Медалјите се доделуваат на финалисти од 1 до 3 место на Националните шампионати и Купови на Македонија во спортски танци<br>Изгледот на медалата е:<br>- предна страна: Логото на ТСК или ТСФМ<br>- Задна страна: име и датум на натпреварот, назив на Федерацијата (ТСФМ) и име на организаторот на танцовиот спортски натпревар |
| **Пехари** | Пехарите се доделуваат за освојување на првото место на Националните шампионати и Куповите на Македонија<br>Пехарите можат да се доделат и на други финалисти по желба на организаторот. Највозрасната категорија се наградува со најголем пехар. Пехарот останува во сопственост на ТСК чиј танчер спортист го освоил првото место.<br>Плочката на пехарот треба да ги содржи следниве карактеристики:<br>- Име на танцовиот спортски натпревар<br>- освоено место<br>- возрасна група, дисциплина<br>- Датум и место на одржување<br>- назив на Федерацијата (ТСФМ) и име на организаторот на танцовиот спортски натпревар |
| **Подароци** | Според желбите и можностите на организаторот, подароци може да се даваат на сите учесници на танцовите спортски натпревари<br>Видот и количеството на подароците кои се наведени во дописот на организаторот за танцовиот спортски натпревар треба да бидат испочитувани без оглед на бројот на пријавени учесници. |

**Правила за рекламирање**

Член 16

Рекламирањето во визуелна и вербална форма не смее да ги загрози моралните норми или меѓународните аматерски правила.
На организаторот на танцовиот спортски натпревар му е дозволено рекламирање на спонзорот на стартните броеви на танчерите спортисти и строго е ограничено на висина од 5 см и должина од 21 см во еден ред.
На танчерите спортисти им е дозволено да носат реклама на спонзор со големина 5 x 9 см. на градите, појасот на пантолоните или ракавот.

## III ТАНЦОВИ СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

Член 17

Танцовите спортски манифестации се организираат со цел да се популаризира спортскиот и рекреативниот танц.
Танцовите спортски манифестации може да се организираат само за танцови дисциплини пропишани во Натпреварувачкиот Правилник, под услови пропишани со овој правилник.
Танцовите спортски манифестации (фестивали, смотри, средби, игри, приредби, концерти, итн.) може да ги организира ТСФМ, ТСК, член на ТСФМ или неколку ТСК, членки на ТСФМ.
Во насока на промоција на спортскиот танц и општиот интерес и целите на ТСФМ, Управниот

Одбор на ТСФМ може манифестацијата да ја прогласи за отворена за сите танцови клубови или организации кои се занимаваат со танц на територијата на РСМ.
Танцовите спортски манифестации во рамките на ТСК на кои учествуваат само членови на истиот се во негова надлежност и за нивна организација не е потребно да се достави барање до ТСФМ.
За танцови спортски манифестации кои не се во календарот на танцови спортски настани, а се во организација на два или повеќе ТСК, членки на ТСФМ, потребно е да се поднесе барање до ТСФМ најмалку 45 дена пред одржување на манифестацијата. Манифестацијата може да се одржи само со согласност на ТСФМ.
Сите манифестации мора да имаат ревијален карактер, без освојување на спортски резултати и рангирање на учесниците.
Сите учесници во танцовата спортска манифестација можат да добијат признанија во вид на благодарница, диплома, плакета, итн.

## IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Измените и дополнувањата на овој правилник се вршат според начинот и постапката со која е донесен.

Член 19

Овој правилник е усвоен на ден 14.10.2020 год. и влегува во сила на денот на усвојувањето.

Скопје, 14.10.2020 година

Претседател на ТСФМ

Влатко Павлески